# **ПРОТОКОЛ** ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА КАФЕТЕРИИ

## ВТОРА ФАЗА

1. Ограничено работно време од 08:00 до 22:00 часот
2. Вработените во угостителскиот објект кои послужуваат задолжително носат заштитни маски и зачестено одржуваат хигиена на раце
3. Се дозволува работа само на отворените делови (тераси) од кафетериите кои се отворени од три страни, со кровна конструкција
4. Се ограничува бројот на гости, само на тие кои може да седат
5. Не е дозволено послужување на гости на стоење на шанк и стоечки маси
6. Задолжително менаџирање при влегување на гостите од одредено одговорно лице пред влезот на угостителскиот објект
7. Во просторот за послужување на гости, каде има поставено маси, да се обезбеди растојание од столче до столче од 1,5-2м со соседните маси во сите правци
8. На една маса со четири столици може да седат и да се послужуваат максимум две лица
9. На една маса со четири столици може да се послужуваат четири лица доколку се од исто семејство
10. Задолжително поставување дезинфекционо средство за раце на секоја маса
11. Засилени внатрешни контроли на вработените лица од страна на одговорно лице за одржување на лична хигиена (често миење раце) во сите фази на подготовка, прием и послужување на пијалоци
12. Засилени санитарно-хигиенски мерки, задолжително пребришување на масите со средство за дезинфекција кое делува на вируси според упатство од производителот, по заминување на секоја тура на гости
13. На крајот на смената задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси
14. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства
15. Забрането е користење на сушачи за раце во тоалетите и задолжително користење на хартиени бришачи за раце за еднократна употреба
16. Забрането организирање на прослави (веселби, родендени и сл.)

Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**